РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-693/3
26-07-2024 г.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 8-ма седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-693/1 од 13.02.2024 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, а пријавата со доказите да се проследи на надлежно постапување до Судски совет на РСМ.

Предметот со број 12-693 од 2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-693/1 од 13.02.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од ///. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на незадоволство од постапувањето на судии на ///, во врска со граѓански спор каде како тужител, покрај останатите се јавува и подносителот. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата доставени се докази.
По увидот во содржината на пријавата и доставените докази, ДКСК утврди дека предметот нема елементи за надлежно постапување согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Надлежен орган кој со закон е овластен да го испита работењето на судиите во предметниот случај е Судски совет на РСМ, заради што пријавата со доказите ќе се проследи на овој орган на надлежно постапување.

Согласно со горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

Претседател
Татјана Димитровска

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Одобрил: З. Б., член

Доставено до:
- Подносителот
- Судски совет на РСМ